Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002 год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 07.03. 2025 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на педесет и деветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Педесет и деветтата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **13.03. 2025 година (четврток) со почеток во 14:00 часот** во салата за седници на Совет на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од педесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 27. 02. 2025 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за дополнување на програмата за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година;

**Точка 2**
Предлог – Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2025 година;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелизација за ГП 7 од ДУП Мавровица, со класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, општина Свети Николе;

**Точка 4**
Завршна сметка на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков „ Свети Николе за 2024 година;

**Точка 5**
Завршна сметка на ОУ Народен Музеј Свети Николе за 2024 година;

**Точка 6**
Завршна сметка на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2024 година;

**Точка 7**
Завршна сметка на СОУ „Кочо Рацин„ Свети Николе за 2024 година;

**Точка 8**
Завршна сметка на ООУ „Даме Груев„ с. Ерџелија за 2024 година;

**Точка 9**
Завршна сметка на ООУ „ Свети Кирил и Методиј„ Свети Николе за 2024 година;

**Точка 10**
Завршна сметка на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе за 2024 година;

**Точка 11**
Предлог – Одлука за усвојување на пречистен текст на Статутот на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;

**Точка 12**
Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот бр.0101-99 од 19.07. 2022 година на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе;

**Точка 13**
Измена и дополнување на План за вработување за 2025 година на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе;

**Точка 14**
Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈКП „Комуналец" Свети Николе за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024година;

**Точка 15**
Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈКП „Единство" Свети Николе за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година;

**Точка 16**
Извештај за материјално-финансиското работење со завршна сметка на ЈП „Погребални услуги" Свети Николе за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година;

**Точка 17**
Годишен извештај за работењето за 2024 година на Општина Свети Николе;

**Точка 18**
Консолидирана Завршна сметка на Буџетот на локална самоуправа на Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 19**
Барање од физичкото лице Д.Ф. за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект;

**Точка 20**

Барање од физичкото лице В.С. за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект;

**Точка 21**

Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис на побарувањата и обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12. 2024 година

**Точка 22**

Иницијатива од советникот Александар Симонов;

**Точка 23**

Барање парична помош од лицето С.А.

**Точка 24**

Барање парична помош од лицето С.П.

**Бр. 0801- 1034**
**07.03.2025 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**